**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

**Бр. 03-429/1**
**23.04.2020, Скопје**

**До**
**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

На внимание на : Директор на ФЗОРСМ Данаил Ден Дончев
Директор на ФЗОРСМ Орхан Рамадани
Директор на финансии Миле Сугарев
Претседател на УО на ФЗОРСМ Дејан Николовски
Заменик претседател на УО на ФЗОРСМ д-р Ридван Асани
Членови на УО на ФЗОРСМ

**Барање:**

Управниот Одбор на ФЗОРСМ во најкраток можен рок да ја разгледа состојбата на приватните здравствени установи кои имаат договор со ФЗОРСМ од специјалистичко консултативна дејност од областа на стоматолошка протетика, ортодонција и орална хирургија и да донесе **Одлука за целосна авансна исплата на веќе предвидените месечни буџети, за месеците април и мај 2020 година. Кои се веќе однапред испланирани, проектирани и обезбедени од страна на ФЗОРСМ за цела 2020 година** (за што е доставен и план за обем и работа до ФЗО уште во ноември 2019 година).

**Целосната авансна исплата ,** како да се изработени и фактирирани, нема да е без обврска, односно специјалистите од областа на стоматолошка протетика, ортодонција и орална хирургија ќе се должни до крајот на 2020 да достават доказ за изработеното соодветно на авансираните исплатените средства за месецте април и мај согласно актите на ФЗОРСМ.

**Образложение**:

Почитувани,

Со прогласувањето на пандемија од COVID-19, од страна на Светската Здравствена Организација и воведувањето на вонредната состојба во нашата држава, по задолжение на Министерство за здравство приватните здравствените установи кои што вршат стоматолошки здравствени услуги, преминаа во вонреден начин на работа, односно дел од нив добија задолжение да затворат целосно додека дел од нив беа ставени во мирување.(работа од дома) или да ги отвараат своите ординации по потреба и по задолжение од министерство за здравство.

Горенаведеното значи, дека приватните здравствени установи од специјалистичко-консултативната стоматолошка дејност, од областа на Стоматолошка протетика и Ортодонција, каде што нема итни случаи и Орална хирургија (којашто работи на по распоред и на повик со примање само на итни случаи), **и од 16.03.2020 година, до завршување на времените, вонредните мерки, нема да остварат никаков приход додека сите останати трошоци (плати на вработени, придонесите, кириите, режиски и останатите трошоци кои ги има секој правен субјект во системот) редовно пристигаат со задолжителност за плаќање.**

Стоматолошката комора на Македонија од последниот состанок на **13.03.2020** година заедно со претставниците и на останатите здравствени работници( Лекарска комора, ЗПЛРМ, гинеколози итн) со менаџментот на Фондот за здравствено осигурување **излезе задоволна од договореното** каде беше донесен заеднички заклучок за договорени времени мерка за следниот период од 45-60 дена, односно додека се исплаќаат веќе изработените и фактурираните услуги за јануари и февруари со надеж од тогашна перспектива дека состојбата со КОВИД 19 нема да трае подолго.

Со оглед дека времето поминува Ви го праќаме дописот до менаџментот, но и до сите членови на УО на ФЗО со надеж дека позитивно ќе се прифати барањето.

Кризната група на Комората, и за ова и за сите останати процедурални прашања, Ви стои на располагање со отворена поддршка за продолжение на соработка, како и за повторна средба, независно дали во просториите на ФЗО или online.

Скопје, 23.04.2020 година
Со почит,

Кризна група на Стоматолошка комора на Македонија
Др Денковски Маријан